**UDK: 341.7:004]:327**
**341.7:004]:327(4-672ЕУ)**

# MISSION, VISION AND ROLE OF THE EU IN THE WORLD OF DIPLOMACY: DIGITAL DIPLOMACY

**Elena Trajkovska**
Faculty of Law, "Goce Delchev" University – Shtip, North Macedonia
trajkovskae23@yahoo.com

Diplomacy as the oldest form of communication between the States and a means of States for conducting foreign policy, which includes all activities in the implementation of foreign policy, as well as the bodies that are in charge of implementing the planned activities, from the moment of the emergence of the Internet and the Internet-revolution in the past few decades up to now has an unstoppable influence on all aspects of an international relations. There was a need to transform the diplomacy of the European Union, as a tool of foreign policy, in accordance with the new circumstances. This paper examines the concept of digital diplomacy vis-à-vis the traditional concept, focusing on the use of digital tools in the field of diplomacy and how EU member states use them in the execution of their foreign policies, as it is an inescapable fact that Cyberspace and security digital tools enable more effective implementation of the diplomatic strategies of the European Union and its member states.

***Keywords:*** Digital diplomacy, European Union, internet, foreign policy.

# МИСИЈА, ВИЗИЈА И УЛОГА НА ЕУ ВО СВЕТОТ НА ДИПЛОМАТИЈАТА: ДИГИТАЛНА ДИПЛОМАТИЈА

**Елена Трајковска**
Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Северна Македонија
trajkovskae23@yahoo.com

Дипломатијата како најстар облик на општење помеѓу државите и средство на државите за водење на надворешната политика, што ги опфаќа сите активности при спроведувањето на надворешната политика, како и органите кои се задолжени за спроведување на зацртаните активности, од моментот на настанување на интернетот и интернет-револуцијата во изминативе неколку декади до ден денешен постои незапирливо влијание врз сите аспекти од меѓународните односи. Се јави потреба дипломатијата на Европската Унија, како алатка на надворешната политика да се трансформира во согласност со новонастанатите околности. Овој труд го испитува концептот на дигитална дипломатија наспроти традиционалниот концепт, фокусирајќи се на употребата на дигиталните алатки во полето на дипломатијата и како земјите членки на ЕУ ги користат во извршувањето на нивните надворешни политики, затоа што неизбежен факт е дека сајбер-просторот

и обезбедувањето на дигиталните алатки овозможува поефективно спроведување на дипломатските стратегии на Европската Унија и нејзините земји членки.

***Клучни зборови***: Дигитална дипломатија, Европска Унија, интернет, надворешна политика.

## 1. Вовед

Дипломатијата, како долготраен метод на меѓународна соработка, честопати беше ставена на пиедестал опколена со прашања зошто функционира на начин како да се употребува „магија и мистерија“[263], па се чини како да успева, скоро секогаш кога сакаат владите да остварат конкретни цели од национален интерес. Ставот на Hedley Bull за дипломатијата како „водење на односите меѓу државите и другите ентитети со учество во светската политика од страна на официјални претставници и со мирни средства“ (Bull, 1977:156) останува како една од најчесто користена дефиниција меѓу дипломатските научници и продолжува да биде една од најцитираните – иако во поново време со квалификации кои го објаснуваат влијанието на глобализацијата и напредните информациски комуникациски технологии (ИКТ) врз дипломатијата. Друг важен *point of view* за теоријата на дипломатијата го има американскиот дипломат Хенри Кисинџер. Според Кисинџер (1923-), дипломатијата треба да се разбере на следниов начин: – Дипломатијата е нов светски поредок, – а модерната дипломатија е рамнотежа на силите меѓу војната и мирот. И двете дефиниции ја имаат заслугата јасно да ја доловат основната карактеристика на дипломатијата; односно нејзиниот ненасилен пристап кон усогласување на интересите на меѓународните актери, особено државите.

Дипломатијата, како механизам за меѓусебна комуникација се смета за најстар облик на општење помеѓу државите, т.е. средство на државите за водење на надворешна политика, што ги опфаќа сите активности при спроведувањето на надворешната политика, како и органи задолжени за спроведување на зацртаните активности. За дипломатијата може слободно да се каже дека е посебна вештина и умеење при обавување на работите од областа на меѓународните односи, особено при претставувањето и застапувањето на интересите на државата, како учесник во креирањето на надворешната политика. Таа е општествена категорија што е директно врзана за надворешната политика и активен чинител во процесот при пренесување, објаснување, преговарање и застапување надворешна политика на една држава.[264] Освен тоа, дипломатијата служи како вид алатка за управување со односите, не само помеѓу државите, туку и за активно вклучување на меѓународните организации. Основна функција на дипломатијата е советување, обликување и имплементирање на надворешната политика.[265]

---

[263] Sharp P. (2009). Diplomatic Theory of International Relations. New York: Cambridge University Press, ISBN 978-0-521-76026-3 стр. 2.
[264] Тоновски Ѓ., (2004) Меѓународни односи, Скопје. стр. 234
[265] Пиваров В., Арсовски Љ. (2008). Дипломатско и конзуларно право, Скопје. стр. 17

Нејзина главна задача е претставување на државата пред странски земји и меѓународни организации, остварувајќи ги зацртаните државни цели и интереси.[266]

Целта на трудот е да теоретизира што е дигитална дипломатија, да го процени нејзиниот однос со традиционалната форма на дипломатија, да ја испита динамиката на дигиталната дипломатија и да се долови сликата на кој начин дигиталната дипломатија може функционира успешно да ја менаџира надворешната политика на дадената земја. Со други зборови, да се разбере степенот на критична точка на дигиталната дипломатија во однос на начинот на кој меѓународните актери меѓусебно комуницираат, наспроти посуптилната форма за заштита на статус кво.[267] Чекорот кој го направи Унијата во однос на дигиталната дипломатија беше со создавање на Европската дигитална агенда[268] со што се креира европски пристап кој и овозможи на ЕУ да стане постратешки и подоверлив партнер на меѓународно ниво. Меѓутоа, ваквиот пристап не треба да се сфати во тесна смисла, со трансфер на надлежностите на институциите на ЕУ, туку како развој на интегрална, т.е. сеопфатна дигитална и сајбер политика[269], што доведува до подобрување на координација помеѓу ЕУ и националните дигитални и сајбер[270] политики, особено во однос на клучните партнери.

Кога сме веќе кај сајбер, многу често се јавуваат небулозни прашања без да се прави конкретна терминолошка дистинкција меѓу дигиталната и сајбер дипломатијата. Иако тесно поврзани, сепак засебен термин е дигиталната дипломатија[271] за разлика од сајбер, која се дефинира како „употреба на интернетот и на новите информатичко-комуникациски технологии кои ќе помогнат во постигнувањето на дипломатските цели“[272]. Riordan, ја појаснува разликата помеѓу сајбер и дигиталната дипломатија, објаснувајќи дека дигиталната дипломатија се однесува на употребата на дигитални алатки и техники при креирање на дипломатија, додека сајбер дипломатијата се однесува на употребата на дипломатски алатки и дипломатскиот начин на размислување за решавање на прашања кои произлегуваат од *cyber space*.[273]

## 2. Историски зачеток и развој на дипломатијата

Историски гледано, дипломатијата не е нов феномен, туку се користело векови наназад преку користење на умешност и средства со кои нациите, групите или поединците ги воделе своите работи, на начин да ги заштитат своите интереси и промовирање на нивни политички, економски, културни или научни односи, додека одржуваат мирни односи. Зборот дипломатија првично

[266] Ibidem.
[267] Bjola C., Holmes M., (2015), Digital Diplomacy: Theory and Practice. Routlege.
[268] Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions A Digital Agenda for Europe. Документ бр. 52010DC0245.
[269] Renard, T. (2018). EU cyber partnerships: assessing the EU strategic partnerships with third countries in the cyber domain. European Politics and Society, 19(3), стр. 337. doi:10.1080/23745118.2018.1430720.
[270] Види повеќе. https://eucd.s3.eu-central-1.amazonaws.com/eucd/assets/8QfezjaT/cd_booklet-final.pdf.
[271] Позната уште како и eDiplomacy.
[272] Hanson F. (2010). "A Digital DFAT: Joining the 21st century". Lowy Institute. https://ciaotest.cc.columbia.edu/pbei/liip/0022179/f_0022179_18246.pdf. Пристапено на 19.05.2023.
[273] Riordan, S., (2016). Cyber diplomacy vs. digital diplomacy: a terminological distinction. USC CPD Blog (May 12). http://uscpublicdiplomacy.org/blog/cyber-diplomacy-vs-digital-diplomacy-terminological-distinction. Пристапено на 19.05.2023.

потекнува од старогрчкиот термин δίπλωμα[274], што се однесува на документ кој дозволува некому да патува или да има дадени привилегии. Од поимот δίπλωμα подоцна го добивме латинскиот поим diplōma, кој во превод значи државен труд, службен документ, дадено на лица кои патувале во провинциите во тоа време, сличен со современиот дипломатски пасош кој го имаме денес. Со текот на времето, дипломата прерасна во официјален документ кој означува меѓународни договори, за на крај да еволуира во практиката на меѓународните односи при спроведување на надворешната политика.

Не постојат веродостојни записи преку кои би можеле со точност да тврдиме за точниот датум на настанувањето на дипломатските односи. Врз развојот на дипломатските односи особено влијаеле првите зачетоци со настанување на државите и нивните меѓусебни односи што биле важни за производствените капацитети и создавање материјални добра од поголеми количински размери, а се носеле на пазари во други држави, воведување пари како платежно средство, но и водење војни за освојување на територии, поради што се правеле сојузи помеѓу две и повеќе држави. Но и покрај тоа што не постојат точни записи во однос на настанувањето на дипломатијата, можеме да заклучиме дека постојат повеќе облици на дипломатии низ призмата на историската леќа од античко време, но и од понова историја, за што ќе се обидеме да дадеме краток приказ за нив.

**2.1.** Античка грчка дипломатија

Дипломатијата во Античка Грција се одвивала главно преку проксеносои (proxenos/proxenoi) и т.н. предвесници, со добри ораторски способности, добра меморија и силен глас за да ги пренесуваат пораките на своите водичи, а служеле како застапници на државата.[275] Информациите добиени како резултат на дипломатските односи ја одредуваа судбината на државите. Генерално, дипломатите биле познати како гласници во Античка Грција.

**2.2.** Дипломатијата во Антички Рим

Во принцип, Римјаните ја прифатиле дипломатската традиција на грчките градови држави. Во времето на Античкиот Рим, сите дипломатски прашања биле делегирани на т.н. посебна школа за свештеници во храмот на врховниот бог Јупитер.[276] На тој начин, дипломатијата станала света. Свештениците се нарекувале fetiales и тие постапувале според посебен закон (ius fetiale). Според законот, тие официјално ја изразувале волјата на Јупитер, а истовремено и наредбите на владетелот. Нивната светост толку била голема, што Помпониј ќе си спомне: *„Ако некој му нанесе штета на гласникот на непријателската земја, тоа*



[274] Старогрчкиот термин δίπλωμα означува превиткана хартија, односно лист со информации.
[275] Ruey T. (2017). The History of Diplomacy and the Ancient Greek, Italian, Roman and French Diplomatic Traditions. https://www.diplomatic-world-institute.com/en/history/#:~:text=Unlike%20modern%20diplomacy%2C%20the%20main,heralds%20to%20conduct%20their%20diplomacy. Пристапено на ден 21.05.2023.
[276] Јупитер е небесен Бог во кој Римјаните верувале дека ги надгледувал во однос на сите аспекти на животот; се смета дека потекнува од грчкиот бог Зевс. Се верувало дека Јупитер ја заштитувал римската држава.

*треба да се третира како кршење на правото на нациите, оти гласниците (fetiales) се сметаат за свети [sancti hebentur legati]“.* [277] Освен тоа, Римјаните биле препознатливи по тоа што постоеле две одделни дипломатии во Римската Империја – надворешна, со земјите кои се надвор од римското непосредно владеење, и внатрешна, со земјите кои биле на римска територија.[278] Римската Империја била еден вид голема федерација на формално независни држави, градови или помали државни здруженија кои поврзувале различни системи со Рим.[279]

**2.3.** Ad hoc дипломатија. Своите корени, овој вид дипломатија ги влече од 15 век од Италија. Ad hoc дипломатијата ја спроведуваа амбасадорите на државата, а е препознатлива по лажењето, мамењето и итрината на лицата назначени за дипломати.[280]

## 3. Дигитална дипломатија како инструмент на надворешната политика

Наспроти традиционалните форми на дипломатската епоха, која низ времето се решавале бројни (не)спорни државни интереси, со појавата на интернетот кој значи револуција сама по себе во однос на брзината на пренесување на информации, доведе до модернизација на дипломатијата.[281] Меѓутоа, и покрај значајните промени во комуникацијата и транспортот што глобализацијата ги создаде во светот, се забележува дека структурата на меѓународната политика и дипломатија, на многу начини, остана непроменета. Се поставува следното прашање: Зошто е тоа така? Имено, денешните лидери и дипломати патуваат низ светот за да се сретнат лично, на ист начин како што тоа се правеше и во четиринаесеттиот и петнаесеттиот век.[282] Иако телеконференциските и интернет комуникациските технологии (ИКТ) фундаментално го променија начинот на водењето бизнис на планетарно ниво, како и дадени видови на социјална интеракција (Julsrud et al., 2012), сепак кога во фокусот е водење на надворешна политика, основниот процес на преговарање, народски кажано – „гледање право во очи“ продолжува да доминира во напорите на остварувањето на дипломатијата, како билатерално, така и мултилатерално. Но, во време на постоење глобална компјутерска мрежа која обезбедува разновидни информации и комуникациски капацитети, би требало да се запрашаме дали овие tête-à-têtes се неопходни. Зошто на наредната дваесет и осма конференција на Обединетите нации за климатски промени, која ќе се одржи во Дубаи, во декември,[283] по повод реализирање[284] на Протоколот од Кјото[285] од 1992 година се јавува потребата да се користат авионски превозни средства нанесувајќи штета (на долгорочен план) со загадување на воздухот, наменета за владите (земји потписнички) да се договорат околу поставување на цели и политики за ограничување на

[277] Pomponius, Enchiridion de Sextus Pomponius
[278] Claude E. (2009). Diplomats and Diplomacy in the Roman World. Brill.
[279]Види повеќе. https://imperiumromanum.pl/en/roman-constitution/roman-diplomacy/. Пристапено на ден 21.05.2023 год.
[280] Abdurahmanli E. (2021). Definition of Diplomacy and Types of Diplomacy Used Between States. Anadolu Akademi Sosyal Bilimler Dergisi. Cilt 3 Sayı 3. стр. 583.
[281] Јовановски З.(2023), Дипломатија и меѓународно право. Напредок, Тетово. стр. 233.
[282] Bjola C., Holmes M., (2015), Digital Diplomacy: Theory and Practice. Routlege. стр. 18.
[283] https://sdg.iisd.org/events/2022-un-climate-change-conference-unfccc-cop-28/ Пристапено на ден 15.06.2023 година.
[284] United Nations Framework Convention On Climate Change (1992), United Nations. Достапно на https://unfccc.int/resource/docs/convkp/conveng.pdf.
[285] Kyoto Protocol to the United Nations Framework (1992). https://unfccc.int/resource/docs/convkp/kpeng.pdf. Пристапено на ден 21.05.2023 год.

глобалното затоплување и да се прилагодат на влијанијата поврзани со климатските промени, затоа што сосема иронично и нелогично е однесувањето на преговарачите да патуваат илјадници километри во авиони со високи емисии на загадување со цел да разговараат за тоа како најдобро да се намалат вкупните емисии на загадување.

Одлична можност да се започне со премостување на јазот т.н. „управување со промени и нивно прилагодување" во дипломатската теорија се остварува преку нудење и ширење на дигитални иницијативи во министерствата за надворешни работи, што можеме да ја опишеме како револуционерна практика на дипломатијата. Во дадени points of aspects, ваквата *„револуција"* е малку задоцнета бидејќи дигиталната технологија веќе ги промени начините на кои фирмите управуваат со нивниот бизнис и поединците креираат општествени односи преку користење на ИКТ. Неодамна, владите и меѓународните организации сфатија дека социјалните медиуми се, исто така, потенцијален game changer во одвивање на меѓународните односи. Усвојувањето на дигиталната дипломатија, за која може слободно да се каже дека е употреба на социјалните медиуми за дипломатски цели, може да придонесе до промена на праксата во однос за тоа како дипломатитеда се вклучуваат во управување со информации, јавна дипломатија, планирање стратегии, меѓународни преговори, во дадени ситуации и управување со кризи.

Изминативе години се појавија многу термини, како резултат на влијанието што го има дигиталната технологија врз дипломатијата. Се среќаваме со термини како што се мрежена дипломатија, сајбер дипломатија, јавна дипломатија 2.0, Twiplomacy[286], „селфи" дипломатија, дипломатија во реално време, итн. Користењето на социјалната мрежа Твитер[287] (за решавање на дипломатските прашања) се смета дека е клучниот канал за комуникација за дигиталната дипломатија, бидејќи она што го прават министерствата за надворешни работи е проширување на своите дигитални дипломатски мрежи (и амбасадорите) ширум светот за да воспостават свое присуство на социјалните мрежи.




Постојат неколку верзии на дефиниции кои се однесуваат на дигиталната дипломатија. Имено, е-дипломатијата може да биде дефинирана како употреба на социјалните медиуми од страна на државата за да ги постигне своите надворешнополитички цели и да управува со нејзината национална слика[288]. Или дека дигиталната дипломатија се користи како алатка за управување со промените[289], односно се работи за водење на дипломатијата

[286] Twiplomacy, или Твитер дипломатија се однесува на употребата на Твитер и други сајтови за социјални медиуми од страна на владините агенции и функционери за да можат да имаат пристап до јавноста преку полесно креирање на (позитивно) јавно мислење.
[287] https://twitter.com/. Пристапено на ден 15.05.2023 година.
[288] Manor, I., & Segev, E. (2015). America's selfie: How the US portrays itself on its social media accounts. Digital diplomacy: Theory and practice, 89-108.
[289] Bjola, C., & Holmes, M. (2015). Digital Diplomacy: Theory and Practice. Routledge; Adesina, O. S. (2017). Foreign policy in an era of digital diplomacy. Cogent Social Sciences, 3(1), 1297175.

преку мрежни технологии. *A fortiori* дигиталната дипломатија, всушност е целокупно влијание на ИКТ (информатичките и комуникациските технологии) врз однесувањето на дипломатијата – почнувајќи од испраќање мејлови по е-пошта, објавување статуси на официјални профили, комуницирање, јавна дебати, па сè до користење апликации на паметните телефони.[290] Она што произлегува од гореспоменатите дефиниции структурата на терминологијата која се користи за да се означи е-дипломатијата, со што се забележува дека некои термини се широко дефинирани, како што е дигитална дипломатија, додека други се потесно дефинирани, како што е Twiplomacy.

Сепак, се јавува потребата да се нагласат три различни карактеристики кои постојат помеѓу дипломатијата и дигиталните технологии. Првата карактеристика е дека дигитализацијата е процес, а не бинарна состојба. Со други зборови, не може да се поделат дипломатите на оние кои се дигитални и оние кои не се. Наместо тоа, дипломатите, МНР и амбасадите минуваат низ процес на дигитализација. Овој процес влијае на начинот на кој дипломатите го замислуваат својот свет, навиките на нивната (целна) публика и технологиите што ги користат за да ги постигнат своите цели. Уште поважно, дигитализацијата е процес кој со текот на времето ја прераспределува моќта во дипломатските институции. Второ, гореспоменатите термини не успеваат јасно да ги идентификуваат домените на дипломатијата кои се под влијание на дигиталните технологии. Додека некои термини се фокусираат на дигитални платформи, други се однесуваат на јавното мислење, трети главно се занимаваат со водење дипломатијата. Како таквви, ниту еден од овие термини не нуди систематска класификација преку која може да се истражи влијанието на дигитализацијата. Дополнително, ниту еден од овие термини не го опфаќа сеопфатното влијание што дигиталните технологии го имаа врз дипломатијата.

И на крај, дигиталните технологии не нудат само нови функционалности. Наместо тоа, тие промовираат нови норми и олеснуваат нови однесувања. Тие, пак, влијаат на практиката на дипломатијата.[291] На пример, дигиталните технологии им овозможуваат на поединците да креираат и дистрибуираат содржина на глобално ниво. Од гледна точка на дадено однесување, корисниците на интернет сè повеќе прават анализа на сето она што им е сервирано, па затоа може многу лесно да се дојде и до негативен исход под влијание на јавноста во однос на јавната слика која ја креираат со активностите кои се преземаат од страна владите за остварување на својата надворешна политика, затоа што се многу лесно може да се привлече вниманието на проблемите, кои не се често спомнати од традиционалните медиуми.

### 3.1. Европска дигитална дипломатија во XXI век

По она што е позната дипломатијата е – дека таа е неминовен учесник во креирањето на надворешната политика.[292] Начинот на кој функционира Европската Унија во однос на претставување во дипломатските односи е преку користењето на инструменти за надворешна политика на ЕУ, што се клучен фактор за активација и имплементација на нејзината надворешна политика. Поаѓајќи од тоа, Унијата има широк спектар на инструменти од економска, воена,

[290] Види. Manor, I. 2016, Are We There Yet?
[291] Manor I. (2018). The Digitalization of Diplomacy: Toward Clarification of a Fractured Terminology. Working Paper No 2. Oxford Digital Diplomacy Research Group. стр. 5.
[292] Тоновски Ѓ. (2004) Меѓународни односи, Скопје. стр. 234

културна и дипломатска природа, содржани во самите европски договори, а во зависност од одредена иницијатива на надворешната политика, се применуваат засебно, т.е. во меѓусебна комуникација. Од аспект на правилата и процедурите, активација на инструментите од областа на заедничката трговска политика, со оглед на тоа што потпаѓа под легислативна процедура се остварува преку Европската комисија, главниот иницијатор во самата процедура, додека пак активацијата на инструментите од областа на заедничката надворешна и безбедносна политика, се остварува по иницијатива и на земјите членки и на Европската комисија.

Од досегашната пракса, Унијата во нејзината надворешна политика, во принцип се служи со дипломатски и економски инструменти, кои во текот на својот историски развој се користат паралелно или наизменично, сè до донесувањето на Мастришкиот договор, заради непостоење на заедничката надворешна и безбедносна политика, главните и најмоќните инструменти, што и ден-денес ги употребува ЕУ, се инструментите од екуменска природа. По донесувањето на Договорот (од Мастрихт) и со создавањето на заедничката надворешна и безбедносна политика, Унијата започна да ги користи и инструментите од дипломатска природа, со што ѝ го придодадоа епитетот на „нормативна моќ на Европската Унија" (Manners, 2002), која до тој момент се служеше со епитетот на „цивилна моќ на Европската Унија".[293]

Инструментите од дипломатска природа, преку формирањето на заедничката надворешна и безбедносна политика, од Мастришкиот договор, па наваму, влегоа во употреба кои главно се состоеа од три заеднички стратегии, заеднички акции и заеднички ставови кои подоцна со Лисабонскиот договор, ќе бидат заменети со многу поопширни и пофлексибилни каузи.[294] Во тие рамки, Унијата може да користи разни дипломатски канали, да врши дипломатско признавање и да изрекува дипломатски санкции, да води политички дијалози и да предлага мировни решенија, да испраќа изборни набљудувачи, да нуди членство во Унијата итн.[295]

Меѓутоа, што е тоа што Унијата го презема за да биде на ниво со другите светски лидери во однос на решавањето на прашањата од надворешната политика, ако не се социјалните мрежи и дигитализацијата? Како што веќе е истакнато, развојот на современите информатички и комуникациски технологии (ИКТ) ја иницираше потребата да се промени начинот на кој се води традиционалната дипломатија низ целиот свет.

Глобализацијата и зголемениот број корисници на интернет ја олесниja светската комуникација и создадоа средина во која властите можат да допрат до граѓаните преку нови канали, а времето и границите веќе немаат влијание врз ширењето идеи и информации. Хиерархијата се замени со вмрежување, додека тајноста и ексклузивноста се заменија со транспарентност и отвореност. [296] Идеите, како и капиталот и информациите, можат слободно да циркулираат во глобалната мрежа на влади, корпорации и недржавни актери, а информатичките технологии се главниот фактор зад овие промени.[297] Сепак, ИКТ не треба да се сметаат како закана за традиционалната дипломатија, туку како можност за нејзино спроведување на нов начин, во форма на дигитална дипломатија. Целта на

[293] Никодиновска Крстевска А. (2019). Надворешна политика на Европската Унија. Европска Унија: Право и Политики. Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. стр. 308.
[294] Ibidem.
[295] Smith, K. (2008) European Union Foreign Policy in a Changing World, Cambridge.
[296] Wycinka W. (2020). Digital diplomacy in the European Union. Warsaw School of Economics. стр.2
[297] Ibidem.

современата дипломатија на Европската Унија не треба да биде само прилагодување во современиот свет, туку и учество во неговото обликување.[298] Новите информатички и комуникациски технологии ја менуваат средината во која се води дипломатијата, но обезбедуваат и нови инструменти за извршување на основните дипломатски функции.

Главните аспекти што ја разликуваат дигиталната дипломатија од традиционалната дипломатија се поголем акцент на пристапот до информации, интеракцијата меѓу поединците и организациите, како и транспарентноста[299], затоа што социјалните медиуми им даваат можност на европските корисници слободно да зборуваат и да се поврзат со луѓе со исти ставови и идеи. Она што го прави Унијата е користење на различни канали, како што се на пример: Твитер, Фејсбук, Инстаграм или Јутуб. Европската Унија во однос на нејзините земји членки, има многу помалку искуство во традиционалната дипломатија, затоа што нема свои, добро воспоставени дипломатски канали и алатките со кои ја води надворешната политики, како што тоа го поседуваат владите на ЕУ земјите. Затоа, имплементацијата на дигиталната дипломатија во надворешната политика на ЕУ беше далеку полесна отколку во нејзините земји членки, кои многу подолго време користат традиционални дипломатски методи.

Интензитетот и зачестеноста на користење на нови, дигитални методи се разликуваат во зависност од одредена земја во ЕУ, политичар или претставник на ЕУ. Исто така, вреди да се напомене дека Европската Унија само ги презема првите чекори во формирањето на обединета стратегија за дигитална дипломатија како надворешнополитичка алатка. Во 2011 година беа воведени нови можности за европската дипломатија, со формирање на Европска служба за надворешни работи (EEAS)[300], чија цел е „ надворешната политика на ЕУ да стане покохерентна и поефикасна, со што ќе го зголеми глобалното влијание на Европа во светот“[301], главно преку управување на дипломатските односи со земјите кои не се членки на ЕУ и водење надворешна и безбедносна политика на ЕУ. Исто така, во 2010 година, воведувањето на Дигиталната агенда за Европа се смета за една од најважните иницијативи на стратегијата „Европа 2020“[302] усвоена од Европската комисија.[303] Главната цел е да се обезбеди подобар пристап до дигитални добра и услуги за потрошувачите и бизнисите низ Европа, да создаде добри услови за дигитални мрежи и услуги, како и да го максимизира потенцијалот и растот на дигиталната економија.

Иако, не постојат конкретни правни регулативи во областа на дигиталната дипломатија што би можеле да се применат од страна на Европската Унија, сепак Унијата може да преземе релевантни активности при водење на надворешна политика согласно Договорот за функционирање на Европската Унија[304], како што се: индустриската политика (ч.173), политика на конкуренција (ч.101;

---

[298] Aktaş H. (2021). Digital Diplomacy And Its Implications In The 21st Century. Достапно на https://antalyadf.org/wp-content/uploads/2021/01/Digital-Diplomacy-and-Its-Implications-In-The-21st-Century.pdf. [299] Chakraborty, K. (2013). Cultural Diplomacy Dictionary. Berlin: Academy for Cultural Diplomacy.
[300] https://www.eeas.europa.eu/_en. Пристапено на ден 22.05.2023 година.
[301] https://european-union.europa.eu/institutions-law-budget/institutions-and-bodies/search-all-eu-institutions-and-bodies/european-external-action-service-eeas_en. Пристапено на ден 22.05.2023 година.
[302]Види повеќе. https://ec.europa.eu/eu2020/pdf/COMPLET%20EN%20BARROSO%20%20%20007%20-%20Europe%202020%20-%20EN%20version.pdf. Пристапено на ден 01.06.2023 година
[303] Ibidem.
[304] Treaty on The Functioning of The European Union. https://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=CELEX:12012E/TXT:en:PDF. Пристапено на ден 22.05.2023 година.

109), трговска политика (ч.206; 207), трансевропските мрежи (TENs) (ч.170; 172), истражување и технолошки развој и простор (ч.179; 190), енергетска политика (ч.194), слободното движење на стоки (ч.26, 28-37), слободното движење на луѓе, услуги и капитал (45; 66), образование, стручна обука, млади и спорт (ч.165; 166), и култура (ч.167).

Активноста на Европската Унија и нејзините институции на полето на дигиталната дипломатија значително се зголеми во изминатите неколку години. Истата се спроведува во оддели на Европската комисија и Европската служба за надворешни работи, која во моментов е предводена од Josep Borrell, висок претставник на ЕУ за надворешна политика и безбедност. Неговата претходничка, Federica Mogherini, е препознатлива по тоа што успеа да воспостави база за изградба на нова надворешнополитичка европска агенда. Покрај тоа, во времето на нејзиното предводење на институцијата, во 2018 година, Европската служба за надворешна акција (EEAS) беше прогласена за најдобро поврзана владина институција од страна на студијата спроведена од страна на Twiplomacy.[305]

Дополнително, најважните институции на Европската Унија, како што се Европскиот парламент, Европската комисија и Европскиот совет, не само што редовно ги одржуваат своите официјални веб-страници, туку ги извршуваат своите активности преку социјалните медиуми.[306] На официјалниот Twitter канал @eucopresident има 1,2 милиони следбеници, додека, претседателот на Европскиот совет на неговите приватни сметки, Charles Michel има собрано над 340 000 следбеници на Twitter[307], 98 000 на Facebook[308] и над 100 000 на Instagram[309]. По претседателот, следни на листата се Европската комисија 1,8 милиони следбеници на Twitter[310]. Следното место го држи претседателката на Комисијата, Ursula von der Leyen (1,4 милиони следбеници на Twitter[311]), додека Советот на ЕУ е со над 530 000 следбеници[312] на Twitter, присутни се и на Facebook, Instagram, Youtube, Linkedin, Periscope и Snapchat. Најчесто користен хаштаг од светските лидери е #EU, што ја отсликува важноста и растечката улога на Европската Унија во дигиталната дипломатија на Twitter.[313] Од ваквата политика која ја води Европската Унија, можеме слободно да заклучиме дека Унијата ги има прифатено социјалните медиуми како алатки за комуникација што овозможува доближување до народот и остварување на зацртаните европски цели, во име и за доброто на Европската Унија. Со практикување на дигиталната дипломатија, дојде до тоа дипломатите да се откажат од контролата врз процесот на комуникација и онлајн да се вклучат во комуникација со своите граѓани, а бројките на следбеници да станат мерило за амбасадите и дипломатите сега да ги чуваат информациите за своите следбеници, со што се обезбедува точноста на информациите доставени преку интернет. Ова, исто така, доведе до концептуална промена во која се смета дека моќта мигрира од МНР од физичко присуство на онлајн платформи им се помага на граѓаните лесно

[305] Frangonikolopoulos C. A., Spiliotakopoulou. E. (2022). The Digitalization of EU Public Diplomacy: the pandemic crisis and beyond. Достапно на. https://www.eliamep.gr/en/publication/the-digitalization-of-eu-public-diplomacy-the-pandemic-crisis-and-beyond/.
[306] Ibidem.
[307] https://twitter.com/CharlesMichel
[308] https://www.facebook.com/CharlesMichel/
[309] https://www.instagram.com/charlesmichel/
[310] https://twitter.com/EU_Commission
[311] https://twitter.com/vonderleyen
[312] https://twitter.com/coe
[313] https://twiplomacy.com/. Пристапено на ден 22.05.2023 година.

да дојдат во контакт со институциите на Европската Унија и уште полесно Унијата да разговара со јавноста, сето тоа преку социјалните мрежи.

## Заклучок

Во денешно време, дигиталната дипломатија е есенцијална компонента при креирањето надворешна политика на глобално ниво. Светот е таков што, државите се натпреваруваат за влијание и моќ во даден ист *cyber* простор. Во тој простор присутни се повеќе од 5 милијарди луѓе, од кои повеќето пристапуваат на интернет само преку нивниот мобилен телефон. Кога се користи правилно, дигиталната дипломатија е убедлив и навремен додаток на традиционалната дипломатија што може да и помогне на земјата да ги унапреди своите надворешнополитички цели, да го прошири меѓународниот дофат и да влијае врз комуникација меѓу амбасадите и европските граѓани. Новите информатички и комуникациски технологии станаа суштински дел од модерната дипломатија и надворешна политика, позната како дигитална дипломатија или е-дипломатија. Иако Европската Унија ги користи социјалните мрежи за креирање на дигитална дипломатија, нејзината цел не е само да го подобри имиџот на ЕУ и ефективноста на нејзината надворешна политика, туку и да создаде информатичко општество во Европа, како и да промовира европски вредности и правила. Постојат многу можности кои произлегуваат од спроведувањето дипломатски активности во *cyber* просторот, но постојат и многу закани и ризици, затоа е потребно внимателно користење на дигиталните алатки. Меѓутоа институциите на ЕУ и земјите членки прават сè за да ги намалат ваквите ризици ида ја надминат традиционалната надворешна и развојна политика, преку инвестирање во дигитална експертиза, создавање силни врски со министерствата на земјите членки на Унијата, фокусирани на економски, трговски, безбедносни и дигитални мрежи, но и градење силни врски со приватниот сектор.

За крај можеме да констатираме дека неизбежни се придобивките од дигиталната дипломатија, како што се можноста за зајакнување на меѓународните односи, брзата и ефективна комуникација, релативно ниската цена за дигитално водење на дипломатијата, како и интеракцијата со јавноста, а улогата на дигиталната дипломатија веројатно дополнително ќе се зголеми во иднина и ќе го промени начинот на кој што денес ја перципираме дипломатијата.

## Користена литература

1. Sharp P. (2009). Diplomatic Theory of International Relations. New York: Cambridge University Press, ISBN 978-0-521-76026-3 стр. 2.
2. Тоновски Ѓ., (2004) Меѓународни односи, Скопје. стр. 234
3. Пиваров В., Арсовски Љ. (2008). Дипломатско и конзуларно право, Скопје. стр. 17
4. Bjola C., Holmes M., (2015), Digital Diplomacy: Theory and Practice. Routlege.
5. Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions A Digital Agenda for Europe. Документ бр. 52010DC0245.
6. Renard, T. (2018). EU cyber partnerships: assessing the EU strategic partnerships with third countries in the cyber domain. European Politics and Society, 19(3), стр. 337. doi:10.1080/23745118.2018.1430720.

7. Види повеќе: https://eucd.s3.eu-central-1.amazonaws.com/eucd/assets/8QfezjaT/cd_booklet-final.pdf.
8. Hanson F. (2010). "A Digital DFAT: Joining the 21st century". Lowy Institute. https://ciaotest.cc.columbia.edu/pbei/liip/0022179/f_0022179_18246.pdf
9. Riordan, S., (2016). Cyber diplomacy vs. digital diplomacy: a terminological distinction. USC CPD Blog (May 12). http://uscpublicdiplomacy.org/blog/cyber-diplomacy-vs-digital-diplomacy-terminological-distinction
10. Ruey T. (2017). The History of Diplomacy and the Ancient Greek, Italian, Roman and French Diplomatic Traditions. https://www.diplomatic-world-institute.com/en/history/#:~:text=Unlike%20modern%20diplomacy%2C%20the%20main,heralds%20to%20conduct%20their%20diplomacy.
11. Pomponius, Enchiridion de Sextus Pomponius
12. Claude E. (2009). Diplomats and Diplomacy in the Roman World. Brill.
13. https://imperiumromanum.pl/en/roman-constitution/roman-diplomacy/.
14. Abdurahmanli E. (2021). Definition of Diplomacy and Types of Diplomacy Used Between States. Anadolu Akademi Sosyal Bilimler Dergisi. Cilt 3 Sayı 3. стр. 583.
15. Јовановски З.(2023), Дипломатија и меѓународно право. Напредок, Тетово. стр. 233.
16. Bjola C., Holmes M., (2015), Digital Diplomacy: Theory and Practice. Routlege. стр. 18.
17. https://sdg.iisd.org/events/2022-un-climate-change-conference-unfccc-cop-28/.
18. United Nations Framework Convention On Climate Change (1992), United Nations (Види повеќе. https://unfccc.int/resource/docs/convkp/conveng.pdf).
19. Kyoto Protocol to the United Nations Framework (1992). https://unfccc.int/resource/docs/convkp/kpeng.pdf.
20. Manor, I., & Segev, E. (2015). America's selfie: How the US portrays itself on its social media accounts. Digital diplomacy: Theory and practice, 89-108.
21. Bjola, C., & Holmes, M. (2015). Digital Diplomacy: Theory and Practice. Routledge; Adesina, O. S. (2017). Foreign policy in an era of digital diplomacy. Cogent Social Sciences, 3(1), 1297175. http://www.tandfonline.com/doi/full/10.10 80/23311886.2017.1297175
22. Manor, I. (2016), Are We There Yet?
23. Manor I. (2018). The Digitalization of Diplomacy: Toward Clarification of a Fractured Terminology. Working Paper No 2. Oxford Digital Diplomacy Research Group. стр. 5.
24. Никодиновска Крстевска А. (2019). Надворешна политика на Европската Унија. Европска Унија: Право и Политики. Универзитет Гоце Делчев – Штип. стр. 308.
25. Smith, K. (2008) European Union Foreign Policy in a Changing World, Cambridge.
26. Wycinka W. (2020). Digital diplomacy in the European Union. Warsaw School of Economics. стр.2
27. Aktaş H. (2021). Digital Diplomacy And Its Implications In The 21st Century. Достапно на https://antalyadf.org/wp-content/uploads/2021/01/Digital-Diplomacy-and-Its-Implications-In-The-21st-Century.pdf.
28. Frangonikolopoulos C. A., Spiliotakopoulou. E. (2022). The Digitalization of EU Public Diplomacy: the pandemic crisis and beyond. Достапно на. https://www.eliamep.gr/en/publication/the-digitalization-of-eu-public-diplomacy-the-pandemic-crisis-and-beyond/.
29. Chakraborty, K. (2013). Cultural Diplomacy Dictionary. Berlin: Academy for Cultural Diplomacy.
30. Treaty on The Functioning of The European Union. https://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=CELEX:12012E/TXT:en:PDF.
31. https://www.eeas.europa.eu/_en
32. https://ec.europa.eu/eu2020/pdf/COMPLET%20EN%20BARROSO%20%20%20007%20-%20Europe%202020%20-%20EN%20version.pdf

33. https://european-union.europa.eu/institutions-law-budget/institutions-and-bodies/search-all-eu-institutions-and-bodies/european-external-action-service-eeas_en.
34. https://twitter.com/CharlesMichel
35. https://www.facebook.com/CharlesMichel/
36. https://www.instagram.com/charlesmichel/
37. https://twitter.com/EU_Commission
38. https://twitter.com/vonderleyen
39. https://twitter.com/coe
40. https://twiplomacy.com/
41. https://twitter.com/